ипоѓакон Григориј Настески

# Сообразност со концептуалната шема и манипулирање со физичката стварност

Спојување на желбата Тој (Христос)
да се разбере и желбата светот да се обликува - несвесно
(латентно) изземање од желбата на каноните (Тој)
и застапување на попатни ефекти за историско обликување на априорни принципи

Релевантно е да се анализира моментумот на криза во „бракот“, што се случи. Започнувањето на кризата имплицитно е поврзано со стратегиско-географската „креативност“ на времето и политичката конјунктура, enviroment на специфичните политички околности. Тука е лоцирано јадрото на „Црковниот проблем“. Или како што вели мојот духовен отец „не постои богословски или еклисиолошки или канонски спор помеѓу Македонската Православна Црква и Српската Православна Црква. Останаа спорни само две прашања (идентификувано како oportunity), за српската Комисија. Едното беше дали содржината од Нишкиот работен документ што се однесува до статусот на нашата Црква да се формулира со терминот ‘самостојност’ или со ‘автономија’." Тука, и на ниедно друго место, е референтната точка за benchmark (анализа, споредување) на „Црковниот проблем“. А второто беше: нас како дел од Телото Христово не ни е јасно како некому нечие име може да му биде проблем, бидејќи нам досега ничие име никогаш не ни било проблем. Можеби името ‘Македонска Црква’ е клучната точка чисто еклисиолошкиот проблем дијалошки да се оптовари со световни експликации, сакајќи или несакајќи да се исклучи чисто црковниот проблем. Името Македонска Православна Црква никогаш не бил, не е и нема да биде проблем на српскиот верен народ, туку тоа се јавува како проблем на поединци кои забораваат дека именувањето не е ниту канон ниту догма, туку личен став на еден народ кој така пленарно решил да се идентификува. Тука треба сериозно да си го поставиме прашањето колку сме Евангелски расположени тогаш кога насилно се обидуваме да го преименуваме еден народ притоа длабоко повредувајќи го. Која е целта на сето тоа? *Им вешуваа слобода, кога шие самише се робови на развраїош, зашшо кога некој некого йобедува, шој и го йоробува* (2 Петар 2, 19). Секој од нас е ипостасна или персонифицирана личност којашто чувствува потреба да се соопшти, но и да прими од другиот соопштување. Оваа говорна интеракција на примање и давање служи за да ви кажам за моите потреби (пастирската - објективната реалност кај народот). Проблемот е како ги разбираме луѓето. Прифаќањето на барањето е услов за зајакнување на Заедницата. Значи тоа е трансцендентно опфаќање на Црквата, опфаќање со децидно следење на Преданието на Светите отци наши. Ние (како пастири накалемени на Коренот) сме должни да испитуваме за верата, а Оној Кој испитува сè е Бог. *Но, шие ако не осшанаш во невериешо, ќе бидаш йрикалемени, оши Бог е моќен йак да ги йрикалеми* (Рим. 11, 23). ‘Не примивме ништо од незнабошците’, *а ние сме, йак, должни да йримаме шакви, за да сшанеме йомошници на вистинаша* (3 Јован 1, 8). Трансцендентното опфаќање, љубовно истапување кон другиот, е конкретна ситуација на Православниот екуменизам бидејќи просторно овој поим е нерешлив, односно само есхатолошки е решлив. Технички тој се решава само со децидно следење на Преданието и со реципрочна екстериорност (екстериторијалност). Мора да постои свест за внатрешна (Христолошка) зависност. Сè друго е просторно прекројување или, како што го нареков, сообразност со физичката стварност.

ипоѓакон Григориј Настески

Денес кај сите народи е присутна силната потрага по личниот идентитет, тоа е трагичноста на општествениот живот. Идентификувањето кај секого, (кај секој народ) е незаобиколно, неодминливо, обврзно присутно во секој од нас индивидуално, односно цел сплет односи кои ја сочинуваат биолошката ипостас, којашто пастирски е многу важна заради восинувањето, но подоцна треба еволутивно да се трансформира и да се стигне до точка каде што постои Љубовта, место каде што е очистено исклучувањето (јас сум Македонец или Грк или Србин, но што е Христос?). Или, што ќе биде секој после духовната преобразба, после надминувањето на биолошката и социјалната исклучивост којашто сѐ уште, de lege lata во себе ја носиме (постои ГПЦ, СПЦ…). *Па зар Христос се раздели?* (1 Кор. 1, 13), па и ние да го напуштиме Преданието! Пастирската грижа (трпеливоста) врз личноста како единствена, неповторлива, која љуби и која е љубена, е суштина на спасението. Грижата - покажаната љубов, а не коерцитивното (насилно) преформирање, претставува основа за духовните чеда (народот во Црквата) духовно да се самоцензурираат - есхатолошки да се трансформираат, состојба каде што нема индивидуално, но личносно именување. Според примерот на Бога Кој дарува (Кој, изгледа, е Единствениот што неисцрпно дарува), Кој доброволно се жртвуваше во дарувањето, Кој се „заборави“ Себеси во жртвувањето на животот за другите и Кој не дојде коерцитивно (насилно) да нѐ видоизмени или преидентификува - Неговиот пример да го следиме.
Во суштина, овој „Црковен проблем“ значи не претставува битка за православен екуменизам, туку треба да се насочи како светски комплексен проблем, а заради транспозиционирање на условите на внатрешно духовно восовршување кон буквално светската битка околу тоа кој ќе ја има контролата над вишокот на ресурси и народот во политичка смисла. Таквата состојба, како што нагласив во претходните текстови, е „влечена“ (кон работ на амбисот) од novus ordus seculorum (новиот светски поредок), диктатура која се реализира, а која завршува со физичка елиминација на народ, или име на Црква. Оваа тенденција на транспозиционирање, „преместување“, нѐ остава во рамките на поднебесјето, а беше потребно наместо да се видоизменуваат светските вредности, да се раѓаат духовни чеда кои ќе сведочат за Преданието. Значи, оваа негативна каскада на „преместување“ не ни создава (на ниво на цело Православие) услови за запазување на Словото на трпението, услови без кои народот не може *да се подготви за часот на искушението, кое ќе дојде над целата вселена* (Отк. 3, 3). Ова е процес којшто се поттурнува себеси, а којшто се поддржува од различни причини, од еден антитеоретски црковен анимус или би рекол чисто канонски проблем, трансполитичен проблем (надвор од сите политички определувања и позиции), се турка кон обликување со политички идентитет на проблемот. Не треба да се занесуваме со илузијата дека овие состојби во Црквата можат, во секој случај, позитивно да влијаат на духовниот развој (многу показатели кажуваат дека паствата не е имуна на случувањата во Црквата), ...би било бесмислено, иако на тоа мошне итро нѐ наведува „поживата активност“.

Како сега се „пронаоѓа“ археолошкиот остаток од 1959? Имено, човек „претпоставува“ дека тој (остатокот) е таму пред да почне да копа. Подготовката на секој експеримент бара да се прави разлика меѓу „пред“ и „потоа“. Нашата шема покажува дека е направен целосен круг - „знаевте“ (или некој ви вети подобри услови, позиции?) дека во 1959 МПЦ доби самостојност ..., во којашто Црква ги добивте сите Свети Тајни од вашето раѓање до вашето „умирање“ - и сето тоа не ви пречеше, сè додека не се создадоа конјунктурни услови кај некои (нејзини) духовни чеда (анализирани во претходните текстови). Овие услови... лоцирани се во недоволно преобразените елементи на гордоста - инаку немаше да успее импортираната програма за реверзибилната црковна (геополитичка) експанзија на критичните предизвици за борба на патријашискиот престол во нашата соседна православна држава. Ситуацијата што ја гледаме денес можеме да ја резимираме со следната шема:

...набљудувач, динамика, нестабилност, нестабилни динамички системи, сецесиони структури ...

Погледнато од дистанца можеме да ги забележиме само последиците на импортираната помисла коишто претставуваат само негативни откритија на канонско единство. Во исто време се обидуваме љубовно да аргументираме. Решението е да се постави рамнотежа и сегашната комплексност да се сврти навнатре (монахот сите сили ги свртува навнатре). Односно, проблемот да го решаваме самостојно, без ерархиска авторитарност од надвор. „Проблемот“ започна внатре како разлика (индивидуална конјунктура на поединец од Светиот Архиерејски Синод на Македонската Православна Црква) на индивидуалните и колективните аспекти на однесувањето. Тука треба да се вклучи и разликата (што не требаше да се појави) од индивидуалната иницијатива, разликата од индивидуалната дијалектика и истражувањето на опции. Индивидуалната иницијатива имаше остар политички нос. Тој не ги отвори картите лесно, виде каде оди ставот на Синодот, па се предаде на работа. Тоа е насапунета риба, нешто што е толку лизгаво, што не можеш да го задржиш. Целта на либидиналната индивидуалност, како и на шизоанализата, е да ги опише тековите (на екстерно конструираната идеја), интензитетите и територијализациите на желбата, стврднувајќи ја во фиксирани категории, начини на размислување и поведение (наметнувајќи ја на други).

Оваа индивидуална иницијатива (идеја на фрактален стадуим во Светиот Архиерејски Синод на Македонската Православна Црква) не ја воочи дискрепанцата меѓу промптна и процесна терапија на единство со православните браќа. Меѓу овие две терапии не може и не смее да се избира. Методот на индивидуалната иницијатива беше Прокрустова постела - негова вештачка мера и посибилизам, со којашто сакаше, преку грубо насилство, сите да нè приспособи кон ex ante договорениот аншлус (анексија, територијално присоединување). Кохезивноста на системот (Синодот) зависи од осуденоста и безначајноста на индивидуалната иницијатива во моментите кога повеќето од членовите имаат спротивен став на понудениот (постои разлика меѓу одлучување и одлука). И тука сè се менува. Тука ќе беше силата. Од друга страна некоја идеја или однесување „може“ да направи бифуркација (разгранување), што ќе ја промени глобалната состојба на кохезивност. Нови идеи или однесувања може да се предлагаат, единствено само, во процесот на одлучување. Тогаш треба да се „соберат“ интелектуални ресурси кои ќе помогнат еволутивно да се видоизменат некои традиционални однесувања. Тука е разликата - што самоволно се прибегна кон бифуркација - наместо со внатрешна трансформација и засилување на новите правци на размислување. Но, очигледно, секоја идеја е опасна кога нелинеарно (со љубов да се прифати одлуката - тоа е жртва) ќе се „поврзе“ со останатите членови на Синодот, во реализирањето на индивидуалните и заедничките задачи. Може да заклучиме дека ваквите нелинеарности можат да создадат хаос од редот, да бидат одговорни за уништувањето на тој ред, со тоа што на крајот ќе се создаде некоја нова кохерентност, што секако, заради нестабилноста на „градителот на новата кохерентност (единство со Српската Православна Црква)“, ќе се појави во некоја друга бифуркација.

Човек (новинарите) не може да биде дел од решението,
доколку не е дел од проблемот.

**Прво, кој може да биде страна во преговорите? Второ, зошто исказот во весниците - дека српската егзархија ќе биде дел од преговорите - води до апсурден заклучок?** Реално, преговарачи се само оние кои се легитимни претставници на проблемот којшто треба да биде решен! Само оние кои имаат капацитет (општ и теолошки) и се компетентни (повеќеаспектно) да преговараат! Компетентноста се огледа во образовниот и во духовниот профил, но и победувајќи ги стеснувањата и ограничувањата плафонирани од духовниот отец за да ја задушиме сопствената гревовна содржина. Тоа е состојба на умот кога ќе преминеме на ново духовно рамниште, односно, кога ќе ја просветлиме духовната содржина, и ќе го промениме личниот облик на функционирање. Спротивно од оваа состојба на умот - не можеме да бидеме повикани како страна во преговори, фундаментални за еклисиолошко воведување на паствата.
**Зошто МПЦ е едната страна од преговарачите и зошто процесот на преговори стана реверзибилен?** Реверзибилноста е сегашен стадиум во преговорите, но не и последен, до затворањето на кругот на единство на локалните Цркви во Христовата.

Значи, движењето до почетната позиција во преговорите се случи кога не се остварија очекувањата (целта) за одлив на критична маса од паствата во српската егзархија. Ако се случеше одлив на потребната маса народ (најдобрата варијанта на сценариото на поединци од СПЦ), тогаш „еволутивно“ ќе се оствареше идејата за поширока „автономија“ на српската егзархија во Македонија. Евидентно, не се случи тоа. Претставниците на српскиот егзархат индивидуално го решија проблемот - се приклонија кон Српската Православна Црква - во исто време, како довереници на доделена задача потфрлија - не успеаа да го освојат и делегитимираат постоечкиот Синод на Македонската Православна Црква, така што автоматски се автоделегитимираа, и сега tertium non datur - трето (трета страна во преговорите) не постои. Додека на Синодот на Македонската Православна Црква му остана обврската колективно, целиот народ да го приведе кон единство со останатите Помесни Православни Цркви! Оттука Македонската Православна Црква е едната страна на идните преговарачи (бидејќи не се постигна почетната цел) а другата логично е Српската Православна Црква. Која беше целта? Деструкција на Светиот Архиерејски Синод на Македонската Православна Црква и конструкција на „САС на ПОА“. Деструкција се иницираше преку проблемот на стабилност на системите, каде што системот е поврзан структурално и со менувањето на структурите







се менува и состојбата на системот (Синодот). Имено, со воведувањето на нови единки што можат да се размножуваат и да одземаат делови од процесите на тој систем - беше првобитната цел. Релевантно е во мало количество да се впрска идеолошки алгоритам - кај еден. Тој подоцна треба да доведе (да адаптира) некоја нова група во реакција во самиот систем. Потоа оваа група на реакции влегува во натпревар (перпетуален круг на агресија) со претходните облици на функционирањето на системот (Синодот). Ако системот е структурално стабилен, барем кога станува збор за натрапникот, новиот облик на функционирање (да се привлече критична маса народ) не ќе може да се утврди себеси и таквите „иноватори“ нема да преживеат. Но, ако во Синодот се наметнеше некаква флуктуација, на пример како кинетиката со која „иноваторите“ доволно брзо ќе се размножуваа за, на тој начин, да го завладеат системот (Синодот), тогаш ќе се оствареше целта постоечкиот Синод да се доведе во опасност.

Само благодарение на имплозијата на проблемот, ние сега, можеме да го согледаме реверзибилното движење на спорот МПЦ и СПЦ. Само благодарение на деконструкција (ретериторијализација) на проблемот и негово транспозиционирање во догматско-канонски застапувања може да се поместат границите на постоечкото - да се надмине јазот меѓу православните браќа. Тоа е едноставно реверзибилно движење на проблемот кон димензијата на пастирска идентификација на паствата којашто решила така да се нарекува. А иреверзибилноста на спорот е само илузија што ни ја создаваат „неверојатните“ почетни услови (ветувања).

Како може да се доведе некоја група во реакција со сопствениот систем? Претходно, лабораториски се заразува со идеолошки алгоритам и сепаратна програма една „личност“ од Синодот - којшто ќе се обиде да го размножи алгоритамот - да доведе некоја група во реакција против сопствениот систем. Нормално, нападите се во непреобразените или недоволно преобразените делови на гордоста (желба за власт, епархија), но и високата идеја за себе. Start-up-от на „изнудениот благослов за Епископи“ е лоциран во либидиналните ефекти, недоволно преобразените елементи на гордоста, или како што мојот духовен отец вели „тоа е недостаток на првата и примарна цел - значително уништување на суетата, гордоста, високото мислење за самите себе - основна многуимена страст којашто го држи срцето заробено и затворено за пристап на умот во него“. Значи, направена е конверзија на нормативите, степените на духовен развој (секој чин е поврзан со откривањето на ‘местото на срцето’) за достигнување на Епископскиот чин. Тоа е *грабнување* од микрополитиката *на умот* за здобивање на совршенство во Христа, односно грабнување од молитвено (себесовршување) кон кроење на природните, историските можности. Тоа е сепак екстерно импортирана желба (којашто ни се нуди), но во зависност од духовната издигнатост, интерно ќе ја отфрлиме или прифатиме (што се случи, кај дел од отпаднатите).



ипоѓакон Григориј Настески

**Името Македонска Православна Црква никогаш не бил, не е и нема да биде проблем на српскиот верен народ, туку тоа се јавува како проблем на поединци кои заборавaат дека именувањето не е ниту канон ниту догма, туку личен став на еден народ кој така пленарно решил да се идентификува. Тука треба сериозно да си го поставиме прашањето колку сме Евангелски расположени тогаш кога насилно се обидуваме да го преименуваме еден народ притоа длабоко повредувајќи го.**

Дали завршувањето на првиот циклус на преговорите и натурањето „решение“ (т.н. српски егзархат) даде резултат во постигнувањето литургиско и канонско единство? Не. Само што бевме сведоци на неуспехот на „решението“. Тоа „решение“, сега, е во пата-пата ситуација, ситуација на вештачка творба - којашто нема супстанцијалност кај ниту една од двете страни на преговорите. Откако ќе се искористат стимулативните ефекти од „растежот“ на српската егзархија (филијала), групата ќе се доведе до исцрпување на почетниот стимул, и ќе следи опаѓање. Желбата секој индивидуален член на егзархатот да воспостави идентитет, улога - да ги истакне своите интереси и потреби, нема да може да се оствари заради приоритетот на задачите, реализирање на вградениот алгоритам во главата на егзархатот. Концентрацијата врз имплементирање на впрсканиот илузионизам (должничкиот концепт), ќе доведе до брануване во групата (егзархатот) - а заради диспропорционалниот (хи)ерархиски развиток на дел од „доста значајните детерминанти на натамошното ескалирање“, коишто самите ќе помислат дека не им се исплати ефектот на нивното прељубодејствие, односно егзархатот не станал движечки фактор, а станал манипулирана (квази) група со дезориентирана глава. Доколку создавањето на ПОА го решеше проблемот со статусот на Македонската Православна Црква, тогаш сите ние ќе пристапевме кон нив, но тоа не се случи, овој народ остана верен на Македонската Православна Црква. Исконски посакуваното нешто е ПОА да се врати со својот народ и во Македонската Православна Црква, заеднички решавајќи го проблемот „сите едно да бидеме како што Си Ти Оче во Мене и Јас во Тебе“. Зошто велам дека се „доста значајни детерминанти на натамошното ескалирање“? Од причина што со еден едноставен потег ќе нè извлечат од комплексноста и ќе се вратат од работите од каде што почнаа.